# ЗАКОН

# ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА ("KFW"), ОД СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Кредитната банка за обнова ("KFW"), од Сојузна Република Германија, со заем во износ од 13 милиони германски марки, наменет за реализација на Проектот за унапредување на микро, мали и средни претпријатија.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Кредитната банка за обнова ("KFW").

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

**Член 3**

Рокот за отплата на заемот од член 1 на овој закон е 40 години, вклучувајќи грејс период од десет години и каматна стапка од 0,75% годишно.

Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање секој 30 јуни и 30 декември , почнувајки од 30 декември 2010 година.

На неповлечените средства од заемот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Кредитната банка за обнова ("KFW"), а која изнесува 0,25% годишно.

Провизијата од ставот 3 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 30 јуни и 30 декември секоја година, почнувајки од 30 декември 2010 година.

На износот на заемот кој нема да се плати во предвидените рокови, ќе се плаќа затезна камата во висина на базичната каматна стапка на Бундесбанката, зголемена за 3% годишно.

**Член 4**

Македонската банка за поддршка на развојот ќе го администрира заемот во име на Република Македонија.

Заемот ќе се операционализира преку одбрани комерцијални банки од Републиката, преку кредитна линија.

**Член 5**

Република Македонија заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Отплатата на заемот ќе се врши од средствата кои ќе се формираат со отплата на заемот од страна на крајните корисници.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".